Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија
Këshilli i Prokurorëve Publik i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 04-1201/2
13.10 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 48 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и 275/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018), како и Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија бр. 04-218/3 од23.11.2016година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр .02/2020

**За унапредување на еден адмистративни службеник во**

**Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија**

1. Раководител на Одделение за буџет и финансиски работи,со шифра.УПР 0101 Б04 000, ниво Б4, Одделение за буџет и финансиски работи, Стручна служба – 1 извршител

Општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;

- активно да го користи македонскиот јазик;

- да е полнолетен;

- да има општа здравствена способност за работното место; и

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и актот за систематизација на работните места:

Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа: Економски науки.

Работноискуство: најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката.

Општи работни компетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;

- учење и развој;

- комуникација;

- остварувањерезултати;

- работење со други/тимска работа;

- стратешка свест;

- ориентираност кон странките/засегнати страни;

- раководење;

- финансиско управување

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- положен испит за административно управување

Распоред на работното време:

- Работни денови: од понеделник до петок

–Работни часови неделно: 40 часа

- Работновреме: од 08:30 часотдо 16:30часот

- Опис за работното време: со почеток на работното време помеѓу 8:30 часот и завршеток на истото во 16:30 часот

Плата:

Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 29.409,00 денари

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, до Генералниот Секретар на Советот на јавните обвинители на РСМ и до службената електронска адреса sovetnajavniteobviniteli@gmail.com.

Кандидатите кон пријавата, покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потврди за успешно реализирани обуки;

- потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб-локацијата на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнетата пријава, нема да се разгледува.

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка

Генерален Секретар на СЈОРСМ

Аспарух Мисајловски